# ПОСЕБЕН ДЕЛ - ребаланс
## Ниво: Ставка

| Категорија Ставка | О П И С | Буџетски расходи | | Расходи од самофинансирачки активности | | Расходи од дотации | | Расходи од донации | | Расходи од кредити | | Вкупни расходи | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **242.818.917** | **246.493.809** | **18.809.864** | **18.809.864** | **286.926.489** | **286.926.489** | **4.312.020** | **6.519.350** | **39.803.000** | **39.803.000** | **592.670.290** | **598.552.512** |
| | | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс |
| X1 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 150.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 150.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | | | | | | |
| X10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 150.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 150.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | | | | | | |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **150.000** | **150.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **150.000** | **150.000** |
| 464 | Разни трансфери | 150.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 150.000 |
| X10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 150.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 150.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **150.000** | **150.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **150.000** | **150.000** |
| 464 | Разни трансфери | 150.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 150.000 |

Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година влегуваат во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината".

Бр.09- 1296/1
14.08.2023 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија

***Д-р Патрик Матх***

Врз основа на член 14 став 4 и 15 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/2002) и член 38 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/2006 и 8/2010), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 14.08..2023 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2023 година**

**Член 1**

Во Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2023 година („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.17/2022), во член 2 став 1, износот „26.442.360,00 денари", се заменува со износот „26.850.242,00 денари".

**Член 2**

Во членот 2, табелата се заменува со нова табела:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Комунални дејности** | **26.850.242,00** |
| | | **Ј6** | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 3.500.000,00 |
| | | **ЈД** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 21.850.242,00 |
| | | **ЈФ** | Изградба на сообраќајна сигнализација | 1.500.000,00 |
| | | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **26.850.242,00** |

**Член 3**

Во член 3 став 1, износот „26.442.360,00 денари", се заменува со износот „26.850.242,00 денари".

**Член 4**

Во членот 3, во табелата во делот „Програма ЈД – Изградба и реконструкција на општински патишта и улици“, износот „21.442.360,00“ се заменува со износот „21.850.242,00“.

Во истата програма ЈД, во делот „потпрограма ЈД0 - Изградба и реконструкција на општински патишта и улици“, износот „21.042.360,00“ се заменува со износот „21.450.242,00“.

**Член 5**

Во членот 3, во делот „Вкупно“, износот „26.442.360,00 денари“, се заменува со износот „26.850.242,00 денари“.

**Член 6**

Во членот 3, табелата се заменува со нова табела:

| Надлежност | Програма | **ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ** | **ИЗНОС** |
|---|---|---|---|
| **J** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **26.850.242,00** |
| | **Ј6** | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 3.500.000,00 |
| | **ЈД** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 21.850.242,00 |
| | **ЈФ** | Изградба на сообраќајна сигнализација | 1.500.000,00 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **26.850.242,00** |

**Член 7**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-1297/1
14.08.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија

***Патрик Матх с. р.***

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 94 и 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ” бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на РСМ” бр.275/19), член 22 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ” бр.5/2002), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ“ бр.193/16, 72/2018 и 16/2022) и член 38 став (1) точка 8 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија” бр.25/2006, 8/2010, 18/2014, 13/2020, 2/2021, 3/2021 и 5/2021), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 14.08.2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**За измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во Општина Гевгелија за 2023 година**

**Член 1**

Во Програмата за уредување на градежното земјиште во Општина Гевгелија за 2023 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.17/2022), во глава IV.„Извори за финансирање на Програмата“, табелата се заменува со нова табела:

| Р :бр | Програма | Потпрограма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Д | ДА | Месна самоуправа - Капитални проекти | 150.000,00 |
| 2 | Е | ЕА | Општинска администрација- Капитални трошоци на општината | 8.600.000,00 |
| 3 | Ф | | Урбано Планирање | 30.500.000,00 |
| 4 | Ј | | Комунални дејности | 24.020.000,00 |
| 5 | Л | ЛА | Спорт и рекреација - Капитални расходи | 1.200.000,00 |
| | | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **64.470.000,00** |

**Член 2**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата во делот „Програма ЕА – Капитални трошоци на општината“, износот „13.100.000,00“ се заменува со износот „8.600.000,00“.

Ви истата програма ЕА, во делот „потпрограма ЕА0 - Капитални трошоци на општината“, износот „13.100.000,00“ се заменува со износот „8.600.000,00“.

**Член 3**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата во делот „Програма ФА – Уредување на градежното земјиште-Капитални трошоци“, износот „24.500.000,00“ се заменува со износот „29.500.000,00“.

Ви истата програма ФА, во делот „потпрограма ФА0 - Уредување на градежното земјиште-Капитални трошоци “, износот „24.500.000,00“ се заменува со износот „29.500.000,00“.

**Член 4**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата во делот „Програма ЈЛ – Капитални расходи за други комунални услуги“, износот „4.700.000,00“ се заменува со износот „1.700.000,00“.

Ви истата програма ЈЛ, во делот „потпрограма ЈЛ0 - Капитални расходи за други комунални услуги“, износот „500.000,00“ се заменува со износот „0,00“.

Ви истата програма ЈЛ, во делот „потпрограма ЈЛА - Регулација на дел од коритото на Сува река“, износот „100.000,00“ се заменува со износот „0,00“.

Ви истата програма ЈЛ, во делот „потпрограма ЈЛЦ - Регулација на одводниот канал “Рауљ”, износот „100.000,00“ се заменува со износот „0,00“.

Ви истата програма ЈЛ, во делот „потпрограма ЈЛД - Примарна и секундарна сообраќајна  мрежа за Мултинаменски комплекс „МИЛЦИ“ Гевгелија”, износот „4.000.000,00“ се заменува со износот „1.700.000,00“.

**Член 5**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата во делот „Програма ЈМ – Изградба на паркови и зеленило – капитални расходи“, износот „1.800.000,00“ се заменува со износот „5.800.000,00“.

Ви истата програма ЈМ, во делот „потпрограма ЈМА - Изградба на нов градски парк“, износот „1.000.000,00“ се заменува со износот „5.000.000,00“.

**Член 6**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во делот „Вкупно“, износот „62.970.000,00“, се заменува со износот „64.470.000,00 “.

**Член 7**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во делот „Рекапитулација на расходите“, табелата “, се заменува со нова табела:

**„Рекапитулација на расходите:**

| Надлежност | Програма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| **Д** | | **МЕСНА САМОУПРАВА** | **150.000,00** |
| | **ДА** | Месна самоуправа – Капитални проекти | 150.000,00 |
| **Е** | | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | **8.600.000,00** |
| | **ЕА** | Капитални трошоци на општината | 8.600.000,00 |
| **Ф** | | **УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ** | **30.500.000,00** |
| | **Ф2** | Уредување на градежно земјиште | 1.000.000,00 |
| | **Ф А** | Уредување на градежно земјиште-Капитални трошоци | 29.500.000,00 |
| **Ј** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **24.020.000,00** |
| | **Ј7** | Одржување и користење на паркови и зеленило | 6.500.000,00 |
| | **Ј8** | Други комунални услуги | 2.920.000,00 |
| | **ЈА** | Изградба на јавно осветлување | 1.000.000,00 |
| | **ЈЕ** | Изградба на простор за паркирање | 1.200.000,00 |
| | **ЈГ** | Изградба на системи за водоснабдување | 300.000,00 |
| | **ЈИ** | Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води | 100.000,00 |
| | **ЈЈ** | Изградба на депонии за отпад | 500.000,00 |
| | **ЈЛ** | Капитални расходи за други комунални услуги | 1.700.000,00 |
| | **ЈМ** | Изградба на паркови и зеленило-Капитални расходи | 5.800.000,00 |
| | **ЈН** | Урбана опрема-Капитални расходи | 4.000.000,00 |
| **Л** | | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | **1.200.000,00** |
| | **ЛА** | Спорт и рекреација-Капитални расходи | 1.200.000,00 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **64.470.000,00** |

**Член 8**

Во Глава „VI.Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште“, дел „VI.3. Начин на утврдување на корисната нето површина на објектите и Коефициенти врз основа на кои се пресметува надоместокот за уредување на градежно земјиште“ во табелата во делот „1 Станбени објекти“, во алинејата 2 по зборот „плоча)“ се става запирка и се додава „рамен кров“, а коефициентот „0,2“ се заменува со коефициентот „0,5“.

**Член 9**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-1298/1
14.08.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија

***Патрик Матх с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 год.), а во врска со член 7 став 3 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата, одржана на 14.08. 2023 година, донесе:

**ПРОГРАМА**

**за измена и допонување на Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2023 година**

1. Во Програмата за финансирање на финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2023 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 2/23 година), во поднасловот 4. „Финансирање“ (табеларен приказ), се вршат следниве измени и дополнувања:

- во табелата, по реден број 35 се додава реден број 36.

Во колоната „Преглагач на проектот“ се внесуваат зборовите „*КРАФТ ПРОДУКЦИЈА ДООЕЛ* Скопје“, во колоната „Име на програмската активност“ се внесуваат зборовите „Фестивал на храна и пијалоци *TASTE THE SOUTH GEVGELIJA“*, а во колоната „Одобрени средства од Буџетот на Општина Гевгелија“ се внесува сумата 1.300.000,00 денари.

Согласно измените, редниот број 36 се менува во реден број 37, а редниот број 37 се менува во реден број 38.

- во колоната „вкупно“ износот 3.600.000,00 денари се менува и гласи 4.900.000,00 денари.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

бр. 09-1299/1
14.08.2023 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
***Патрик Матх с.р.***

-----------------------------------------------------

Врз основа на член 22-а од Законот за спорт („Службен весник на РМ“ бр. 29/02, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 година и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 244/19) и член 38 став 1 алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 08/10, 04/15, 18/14, 13/20, 02/21 и 5/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата, одржана на 14.08. 2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за измена и дополнување на Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2023 година**

1. Во Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2023 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 2/23 година), во поднасловот 4. „Распоредување на финансиските средства“ (табеларен приказ), се вршат следниве измени и дополнувања:

- под реден број 5, колона „Предлагач на проектот“- Шаховски клуб „7 Ноември“- Гевгелија, во колоната „одобрени средства од Општинскиот буџет“ износот 110.000,00 се менува и гласи 260.000,00;
- под реден број 11, колона „Предлагач на проектот“- Женски ракометен клуб- Гевгелија, во колоната „одобрени средства од Општинскиот буџет“ износот 1.000.000,00 се менува и гласи 1.250.000,00;
- под реден број 18, колона „Предлагач на проектот“- РК „Партизан 2016“- Гевгелија, во колоната „одобрени средства од Општинскиот буџет“ износот 1.000.000,00 се менува и гласи 1.200.000,00;

- под реден број 20, колона „Предлагач на проектот“- ЗГ Атлетски клуб „7 Ноември“- Гевгелија, во колоната „одобрени средства од Општинскиот буџет“ износот 300.000,00 се менува и гласи 700.000,00;

- под реден број 35, колона „Предлагач на проектот“- ФК „Кожуф“- Гевгелија, во колоната „одобрени средства од Општинскиот буџет“ износот 3.750.000,00 се менува и гласи 5.750.000,00.

- под реден број 36, колона „Предлагач на проектот“- КК „Кожув“- Гевгелија, во колоната „одобрени средства од Општинскиот буџет“ износот 4.750.000,00 се менува и гласи 9.250.000,00.

- во колоната „вкупно“ износот 12.500.000,00 денари се менува и гласи 20.000.000,00 денари.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

бр. 09-1300/1
14.08.2023 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
***Патрик Матх с.р.***

---------------------------------------------

Врз основа на член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13,120/13,163/13, 187/13,42/14,112/14, 44/15, 97/15, 124/15 и 71/2016 год.) и член 38 став1 точка 20 од Статутот на општина Гевгелија , („Службен гласник на општина Гевгелија'' бр.25/06 ,08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 5/21 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 14.08. 2023 год, донесе

**ОДЛУКА**
**За измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Гевгелија**

**Член 1**

Во Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.19/2017г.) членот 3 се менува и гласи:

**1. ЕДИНСТВЕНА МРЕЖА НА ЛИНИИ**

За вршење на општински линиски превоз на патници се утврдува следната мрежа на автобуски линии и стојалишта на подрачјето на општината и тоа:

| Р.бр. | Број и име на линијата | Траса на линијата | Автобуски стојалишта на линијата |
|---|---|---|---|
| 1 | Гевгелија-Негорци- **Кованец** | Автобуска станица,ул. "С.М. Данко", ул. "7-ми Ноември",Мрзенци,Негорски Бањи,Негорци, Кованец | Автобуска станица,ул. "С.М.Данко" -болница, ул. "7-ми Ноември",Мрзенци-кафана Јавор,Негорски бањи-дирекција,Негорци, Кованец |
| 2 | Гевгелија-Прдејци | Автобуска станица,ул."С.М.Данко", ул. "7-ми Ноември,Мрзенци,Негорски Бањи,Негорци, ЈЗУ Психијатриска болница-Негорци, Прдејци | Автобуска станица,ул. "С.М.Данко"-болница, ул. "7-ми Ноември алатница,Мрзенци-кафана Јавор,Негорски бањи-дирекција,Негорци,ЈЗУ Псих. Болница-Негорци, Прдејци |
| 3 | Гевгелија-Миравци-**Петрово** | Автобуска станица,ул."С.М.Данко", бул."Гевгелија",Смоквица,Милетково, Давидово, Миравци, Петрово | Автобуска станица,ул. "С.М.Данко"-болница,Булевар Гевгелија-алатница,Смоквица,Милетково, Давидово, Миравци, Петрово |
| 4 | Гевгелија-Богородица | Автобуска станица,ул."С.М.Данко",Булевар "Гевгелија",Богородица | Автобуска станица,ул. "С.М.Данко"-болница,Булевар "Гевгелија"-алатница,Богородица |
| 5 | Гевгелија-Моин-Ново Конско | Автобуска станица, ул. "С.М.Данко",Булевар Гевгелија, ул. "Деко Ковачев", ул."Петар Мусев", ул."Маршал Тито",Моин,Ново Конско | Автобуска станица,ул. "С.М.Данко",Булевар Гевгелија, ул."Деко Ковачев", ул."Петар Мусев", ул."Маршал Тито",Моин,Ново Конско |

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија„.

Бр.09-1301/1
14.08.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

-----------------------------------------------------

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост (,,Службен весник на Република македонија“бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и ,,Службен весник на Република Северна македонија“ бр.101/19, 375/19 и 122/21 г.) и член 38 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Гевгелија, Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 14.08.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на времено користење на недвижна ствар на**
**Здружение на Власи ,,Мегленија“-Гевгелија**

Член 1

Со оваа одлука на Здружението на власи ,,Мегленија“-Гевгелија, се дава на времено користење, без надомест, недвижна ствар- деловна просторија која се наоѓа во село Ума, Гевгелија, со внатрешна површина од 65 $м^2$, на КП бр. 1082 КО Ума, запишана во Имотен лист бр. 50375, сопственост на Општина Гевгелија.

Користењето на недвижната ствар од ставот 1 на овој член се дава за период од пет (5) години.

Член 2

Градоначалникот на Општина Гевгелија и корисникот на недвижната ствар ќе склучат договор за начинот и условите на користење на недвижната свар.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“

Бр.09-1902/1
14.08.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Патри Матх с.р.**

---------------------------------------------------

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост (,,Службен весник на Република македонија“бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и ,,Службен весник на Република Северна македонија“ бр.101/19, 375/19 и 122/21 г.) и член 38 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Гевгелија, Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 14.08.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на времено користење на недвижна ствар**
**на ЗГ ,,Гевгелија точак клуб“-Гевгелија**

Член 1

Со оваа одлука на Здружението на граѓани ,,Гевгелија точак клуб“-Гевгелија, се дава на времено користење, без надомест, недвижна ствар- деловна просторија која се наоѓа во Гевгелија, со внатрешна површина од 77 $м^2$ , на КП бр. 4971/2 КО Гевгелија, запишана во Имотен лист бр. 1024, сопственост на Општина Гевгелија.

Користењето на недвижната ствар од ставот 1 на овој член, се дава за период од пет (5) години.

Член 2

Градоначалникот на Општина Гевгелија и корисникот на недвижната ствар ќе склучат договор за начинот и условите на користење на недвижната свар.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“

Бр.09-1303/1
14.08.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 20-б став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (“Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 14.08.2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за давање согласност на Годишен план за вработување за 2024 година на Јавна општинска установа за деца Детска градинка “Детска радост“ Гевгелија**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишен план за вработување на Јавна општинска установа за деца Детска градинка “Детска радост“ Гевгелија за 2024 година, со архивски број 04-122/3 од 03.08.2023 година.

**Член 2**

Се обрзува директорот на ЈОУ за деца Детска градинка “Детска радост“ Гевгелија за 2023 година, Годишниот план за вработување на Јавна општинска установа за деца Детска градинка “Детска радост“ Гевгелија за 2023 година, да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 3**

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09- 1304/1
14.08.2023 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

-----------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 20-б став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (“Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 14.08.2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура “Македонија“ – Гевгелија за 2024 год.**

**Член 1**

**Се дава согласност** на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура “Македонија“ - Гевгелија за 2024 година.

**Член 2**

Се обврзува директорот на ЈОУ Дом на култура “Македонија“ – Гевгелија, Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура “Македонија“ - Гевгелија за 2024 година, да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 3**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09- 1305/1
14.08.2023 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3  од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18,198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (“Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 14.08.2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување на  ЈПКД  “Комуналец“ - Гевгелија за 2024 година**

**Член 1**

1.Се дава **согласност** на Годишниот план за вработување на Јавното претпријатие за комунални дејности “Комуналец“ - Гевгелија за 2024 година, предложен од директорот на јавното претпријатие под бр.01-1082/3 од 04.08.2023 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09- 1306/1
14.08.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------

Врз основа на член  36 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 г), член 23 став 3 од  Законот за угостителска дејност (,,Службен весник на РМ“ бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 71/16 г. И ,,Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20 г.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 14. 08.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши продолжување на работното време на угостителските објекти кои работат на подрачјето на Општина Гевгелија, **за време од еден час од регистрираното работно време** на угостителскиот објект.

**Член 2**

Продолжувањето на работното време од еден час важи за 26.08.2023 година (сабота спрема недела**)**, поради организирање на Бела ноќ.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1307/1
14.08.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

**-------------------------------------------------**

Врз основа на член 62 и член 63 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 14.08.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за донесување на Урбанистички Проект со план за парцелација**
**за ГП 10.3.2.Д и ГП 10.3.2.Ѓ КО Гевгелија од АУП**
**за дел од Блок 10 (Б 10.3) за поделба на ГП 10.3.2, општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Урбанистички Проект со план за парцелација за ГП 10.3.2.Д и ГП 10.3.2.Ѓ КО Гевгелија од АУП за дел од Блок 10 (Б 10.3) за поделба на ГП 10.3.2, општина Гевгелија со графички приказ на урбанистичкиот проект и текстуален дел на урбанистичкиот проект.

**Член 2**

Проектниот опфат на Урбанистички Проект со план за парцелација за ГП 10.3.2.Д и ГП 10.3.2.Ѓ КО Гевгелија од АУП за дел од Блок 10 (Б 10.3) за поделба на ГП 10.3.2, општина Гевгелија со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија на КП бр.2233/1 и КП бр.2233/3 КО Гевгелија во Гевгелија од Член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 11.448,56$m^2$.

Проектниот опфат за изработка на Урбанистичкиот проект ги опфаќа КП број 2233/1 и КП број 2233/3, КО Гевгелија. Површината на проектниот опфат изнесува 11.448,56м2, со извршен преклоп во катастар.

Границите на проектниот опфат се дадени во графичкиот прилог кој е составен дел на Урбанистичкиот проект.

Теренот на парцелата е релативно рамен, висинските коти на теренот се прикажани во графичкиот прилог кој е составен дел на Урбанистичкиот проект.

Основната намена за користење на градежната парцела е Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија.

Градежните парцели дефинирани според АУП за дел од Блок 10 (Б10.3) за поделба на ГП 10.3.2, Општина Гевгелија се неизградено градежно земјиште.

До парцелата има пристап од постојни улици.

Заради потреба од изградба и реализација на планот се врши парцелација на градежните парцели и промена на границите на градежната парцела.

**Член 3**

Проектниот опфат се состои од две градежни парцели според Изводот од АУП за дел од Блок 10 (Б10.3) за поделба на ГП 10.3.2, Општина Гевгелија. Основна цел на овој Урбанистички проект е да се изврши спојување на двете градежни парцели во една градежна парцела.

Архитектонско урбанистичките параметри се дефинираат согласно одредбите од АУП и законската регулатива.

Класа на намена: Со постојниот АУП проектниот опфат е со група на намена Г2, Г3, Г4 – Лесна и незагадувачка индустрија, Сервиси, Стоваришта, и согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.С.М. бр.225/20 и 219/21) и се определува основна намена:

**Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија.**

**Според член 4 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.С.М. 99/23) за алтернативна намена на целата површина на парцелата до реализација на планираната намена се определува Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани.**

**Член 4**

Просторот опфатен со Урбанистички Проект со план за парцелација за ГП 10.3.2.Д и ГП 10.3.2.Ѓ КО Гевгелија од АУП за дел од Блок 10 (Б 10.3) за поделба на ГП 10.3.2, општина Гевгелија, се состои од текстуален и графички приказ кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Урбанистички Проект со план за парцелација за ГП 10.3.2.Д и ГП 10.3.2.Ѓ КО Гевгелија од АУП за дел од Блок 10 (Б 10.3) за поделба на ГП 10.3.2, општина Гевгелија со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија на КП бр.2233/1 и КП бр.2233/3 КО Гевгелија во Гевгелија и алтернативна намена Е1-13 по усвојувањето се доставува на надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-1308/1
14.08.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија:
***Патрик Матх с.р.***

---------------------------------------------------

Врз основа на 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 38 став (1) точка 32 и член 134 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), а во врска со член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19 и 122/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 14.08.2023 година, донесе

## ОДЛУКА
### за давање под закуп недвижен имот во сопственост на Општина Гевгелија
### (Деловен простор на Граничен премин КО Богородица)

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува давање под закуп, недвижен имот- деловен простор (барака) во сопственост на Општина Гевгелија што се наоѓа на Граничен премин Богородица на КП бр.2839 КО Богородица, со површина од 14 $м^2$ опишан во Имотен лист бр.18592 издаден од Агенција за катастар на недвижности на РМ.

**Член 2**

Недвижниот имот опишан во член 1 на оваа Одлука ќе се даде под закуп во постапка со електронско јавно наддавање, од страна на Комисијата за располагање со движни и недвижни ствари во сопственост на Општина Гевгелија, формирана од Градоначалникот на Општина Гевгелија.

**Член 3**

Висината на почетната месечна закупнина преку електронското јавно наддавање изнесува 0,5 % од проценетата вредност на недвижниот имот од член 1 на оваа Одлука, утврдена од страна на овластен проценител од Општина Гевгелија.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гевгелија да склучи Договор со најповолниот понудувач на електронското јавно наддавање со којшто ќе се регулираат меѓусебните права и обврски.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1309/1
14.08.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------

Врз основа на 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 38 став (1) точка 32 и член 134 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), а во врска со член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19 и 122/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 14.08.2023 година, донесе

# ОДЛУКА

## за давање под закуп недвижен имот во сопственост на Општина Гевгелија (Деловен простор -зграда1) во с. Богородица

### Член 1

Со оваа Одлука се одобрува давање под закуп, недвижен имот- деловен простор во сопственост на Општина Гевгелија што се наоѓа во с. Богородица на КП бр. 2030/3 КО Богородица, како дел од Младинскиот дом со површина од ПР влез 1 од 48м$^2$ и влез 2 од 77 м$^2$ вкупно на приземје 125 м$^2$ Имотен лист бр.1152 издаден од Агенција за катастар на недвижности на РМ.

### Член 2

Недвижниот имот опишан во член 1 на оваа Одлука ќе се даде под закуп во постапка со електронско јавно наддавање, од страна на Комисијата за располагање со движни и недвижни ствари во сопственост на Општина Гевгелија, формирана од Градоначалникот на Општина Гевгелија.

### Член 3

Висината на почетната месечна закупнина преку електронското јавно наддавање изнесува 0,5 % од проценетата вредност на недвижниот имот од член 1 на оваа Одлука, утврдена од страна на овластен проценител од Општина Гевгелија.

### Член 4

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гевгелија да склучи Договор со најповолниот понудувач на електронското јавно наддавање со којшто ќе се регулираат меѓусебните права и обврски.

### Член 5

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1310/1
14.08.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**С о д р ж и н а**

1.Заклучок за прифаќање на кварталниот извештај на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година за период од 01.01.2023-30.06.2023 година (кумулативно)---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------- 622
2.Измени и дополнувања на Буџетот на Општина гевгелија за 2023 година ----------------------------------------------------------------- 623
3. Програма за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2023 година --------------------------------------------------------------------------------------------------------- 687
4.Програма За измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во Општина Гевгелија за 2023 година ----- 689
5.Програма за измена и допонување на Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2023 година -------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------692
6.Програма за измена и дополнување на Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2023 год.-----693
7.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Гевгелија ------------- 694
8.Одлука за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружение на Власи ,,Мегленија"-Гевгелија ----------------- 696
9.Одлука за давање на времено користење на недвижна ствар на ЗГ ,,Гевгелија точак клуб"-Гевгелија ---------------------------- 697
10.Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2024 година на ЈОУ за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------- 698
11.Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура "Македонија" – Гевгелија за 2024 год.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------699
12.Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија за 2024 година ---700
13.Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Гевгелија -----------------------------------701
14.Одлука за донесување на Урбанистички Проект со план за парцелација за ГП 10.3.2.Д и ГП 10.3.2.Ѓ КО Гевгелија од АУП за дел од Блок 10 (Б 10.3) за поделба на ГП 10.3.2, општина Гевгелија ---------------------------------------------------------------------------700
15.Одлука за давање под закуп недвижен имот во сопственост на Општина Гевгелија (Деловен простор на Граничен премин КО Богородица)-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------- 704
16.Одлука за давање под закуп недвижен имот во сопственост на Општина Гевгелија (Деловен простор -зграда1) во с. Богородица ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------- 705

***СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", Излегува по потреба***
***Уредува и издава: Општина Гевгелија-Одделение за правни работи.***
***Ул. ,,Димитар Влахов" бр. 4 Гевгелија***